СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КОНЧЕ

Службен гласник на Општина Конче Бр.2/2022	***КОНЧЕ 18.02.2022 ГОДИНА***	**Излегува по потреба**
e-mail:opstina.konce@mt.net.mk	ж.с/ка 735014073863019	Д.Б.4023005118934

Врз основа на член 50 став 1 т.2 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02),Градоначалникот на општина Конче донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на актите донесени на 6-та седница на Советот на општина Конче одржана на ден 17.02.2022 година

1. **СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 6-та седница на Советот на општина Конче одржана на ден 17.02.2022 година:

   1. Одлука за издавање под закуп по пат на електронско јавно наддавање на дел од деловна зграда во сопственост на општина Конче, КП број 2572 КО Ракитец, (Имотен лист 87);
   2. Одлука за одобрување финансиски средства за традиционално обележување на Стара нова година (Василичарски огнови) во сите населени места во општина Конче;
   3. Одлука за набавка на два телефони како награда за лицата кои го фатиле крстот на ден Богојавление-Водици во с. Конче и с.Д.Липовиќ;
   4. Одлука за основањето на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Конче;
   5. Залучок за усвојување Извештај за извршен попис на основни средства и ситен инвентар и нивните извори во органите на општина Конче со состојба 31.12.2021 година број 01-223/3 од 08.02.2022 г.;
   6. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Конче за 2022 година.
   7. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршувањето на Буџетот на општина Конче за 2022 година;
   8. Одлука определување критериуми за доделување на еднократна помош за родители при раѓање на новороденче/прво второ, трето дете и еднократна помош за склучување на бракови на лица момче/девојка постари од 35 години од општина Конче;
   9. Програма за изменување на Програмата финансирање на изработка на урбанистички планови на општина Конче за 2022 година;
   10. Одлука за одбивање на барање од ЗГ СКАЈ ПЛУС- Струмица;
   11. Одлука за одобрување на финансиски средства на Здружение на СЛЕПИ ЛИЦА-Струмица;
   12. Одлука за одобрување на финансиски средства на Делчо Трајков од с. Дедино, Конче;

13. Одлука за одобрување на финансиски средства на Македонка Василева од с. Лубница, Конче;
14. Одлука за одобрување на финансиски средства на Мирчо Коцев од с. Долни Липовиќ, Конче;
15. Одлука за одобрување на финансиски средства на Марјанчо Мицев од с. Долни Липовиќ, Конче;
16. Одлука за одобрување на финансиски средства на Мара Николова од с. Ракитец, Конче;
17. Одлука за одобрување на финансиски средства на Дејан Најдоски од Прилеп.

Број 08-202/20 Општина Конче
Дата 28.01.2022 Градоначалник,
Конче Златко Ристов,с.р.

Врз основа на член 67 од Законот локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 2 точка 4, член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Сл.весник на РМ бр.78/2015 , 106/2015, 153/2015, 190/2016, 21/2018, 101/2019, 275/2019 и 122/2021) и член 11 ст.1 т. 32 од Статутот на општина Конче, Советот на општина Конче на седница одржана на ден 17.02.2022 година, донесе:

О Д Л У К А

За издавање под закуп по пат на електронско јавно наддавање на дел од деловна зграда во сопственост на општина Конче, КП број 2572 КО Ракитец, (Имотен лист 87)

Член 1

Се издава под закуп следниот деловен простор чиј сопственик и корисник е општина Конче:

- дел од деловна зграда -Културен дом-Ракитец со внатрешна површина од 187 м2 КП број 2572 КО Ракитец, сопственост на Општина Конче (Имотен лист 87, КО Ракитец) за период до 10 години.

Член 2

Давањето во закуп на недвижните ствари се врши со надоместок и врз основа на проценета вредност согласно Законот за процена.

Висината на просечната месечна закупнина изнесува 0,5 % од проценетата вредност на недвижната ствар.

Член 3

Недвижните ствари дадени во закуп не смеат да се даваат во подзакуп.

Член 4

Средствата остварени со закуп се приход на Буџетот на општината.

Член 5

Постапката за издавање деловен простор во закуп по пат на електронско јавно наддавање ја спроведува комисија составена од вработени во општинската администрација.

Градоначалникот формира Комисија за движни и недвижни ствари за спроведување на оваа постапка составена од претседател и два члена и нивни заменици.

Член 6

Условите за учество за давање под закуп, намената на објектот, почетната цена, банкарската гаранција, рокот на поднесување пријава и другите потребни податоци ќе се утврдатво објавата за издавање под закуп по пат на електронско јавно наддавање со податоци согласно позитивната законска регулатива.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Конче''.

Број 08- 202/3
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова,с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на оштина Конче на седницата одржана на ден 17.02.2022 г. донесе

О Д Л У К А

За одобрување финансиски средства за традиционално обележување на Стара нова година (Василичарски огнови) во сите населени места во општина Конче

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства за традиционално обележување на Стара нова година (Василичарски огнови) во сите населени места во општина Конче во висина од 12.000,00 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08- 202/4
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова, с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на оштина Конче на седницата одржана на ден 17.02.2022 г. донесе

О Д Л У К А

За набавка на два телефона како награда за лицата кои го фатиле крстот на ден Богојавление-Водици во Конче и с.Д.Липовиќ

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува набавка на два телефона од општина Конче како покровител на наградата за лицата кои го фатиле крстот на ден Богојавление-Водици во с. Конче и с.Д.Липовиќ во висина од 20.000,00 (дваесет илјади) денари , настан организиран од страна на Црковните одбори во двете населени места.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08- 202/5
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова,с.р

Врз основа на член 158 од Законот за правда на децата (Службен весник на РМ бр 148/2013; 152/2019; 275/2019) и член 11 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Конче, Советот на Општина Конче на седницата одржана на 17.02.2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОСНОВАЊЕ ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО ВО ОПШТИНА КОНЧЕ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува основањето на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Конче (во натамошниот текст општинскиот совет), делокруг на работа, постапка за избор на членовите на советот и други прашања од значење за работата на општинскиот совет.

Член 2

Општинскиот Советот е советодавно тело на Советот на општина Конче кој се основа со цел следење на состојбите, покренување иницијативи за нивно подобрување и развивање програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детскот престапништво и третманот на децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци во Општина Конче.

Член 3

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво го сочинуваат пет члена.

Членовите на општинскиот совет се претставници на подрачните единици на Министерството за внатрешни работи,Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, претставник од совето на родители на ООУ „Гоце Делчев“-Конче, претставник од Здружение на жени „Конечанка“-Конче и претставник од ЗЛРД „Студенец“-Конче .

Членовите на општинскиот совет се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор.

Општинскиот совет од своите редови избира претседател на советот, со мандат од 2 години, со право на повторно именување.

Претседателот го застапува и претставува општинскиот совет.

Претседателот на општинскиот совет ги свикува и раководи со седниците на општинскиот совет во општината, се грижи за организацијата и работата на истиот.

Член 4

Општинскиот совет во општината ги врши следните работи:

- разгледува прашања кои се важни за работата на општинскиот совет;
- донесува Деловник за работа на општинскиот совет;
- донесува Годишна програма за работа на општинскиот совет
- го избира и разрешува претседателот на општинскиот совет;
- Поднесува извештај најмалку еднаш годишно за својата работа до Советот на Општина Конче и Државниот совет за превенцијана детско престапништво ;
- врши други работи.

Член 5

Начинот на работа општинскиот совет поблиску се утврдува со Деловник за работа на општинскиот совет.

Деловникот се усвојува со мнозинство гласови на членовите на советот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Конче“.

Број 08- 202/6
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова, с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т. 15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 17.02.2022 г. донесе:

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Извештајот за извршен попис на основни средства и ситен инвентар и нивните извори во органите на општина Конче со состојба 31.12.2021 година број 01-223/1 од 08.01.2022 г

1. Се **УСВОЈУВА** Извештајот за извршен попис на основни средства и ситен инвентар и нивните извори во органите на општина Конче со состојба 31.12.2021 година број 01-223/1 од 08.01.2022 г.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Конче.

Број 08- 202/7
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова,с.р.

Врз основа на член 33 став 2 од Законот за Буџетите (Службен весник на РМ бр. 64/2005, 4/2008,103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и 151/2021), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/2002) Советот на Општина Конче на 6 –та (шестата) редовна седница одржана на ден 17.02.2022 година, донесе

О Д Л У К А
За измена на рспоредот на средствата во
Буџетот на Општина КОНЧЕ за 2022 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распредот на средствата во Буџетот на Општина Конче за 2022 година , на следниот начин

Подпрограма Потставка	Буџет	Самофин.	Дотации	Донации	Кредити
А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА					
464990 Други трансфери	-1.000.000	0	0	0	0
461130 Субвенции за јавни коминални претпријатија	1.000.000	0	0	0	0
	0	0	**0**	**0**	0

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на општина Конче за 2022 година , а истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Конче .

Број 08- 202/8
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11 192/15, 209/18 и 244/19) и член 11 став 1 точка 4 од Статутот на Општината Конче, Советот на Општината Конче на 6-та (шестата) редовна седницата одржана на 17.02.2022 година, донесе

О Д Л У К А

Изменување и дополнување на Одлуката за извршувањето на Буџетот на општина Конче за 2022 година

Член 1

Во Одлуката за извршувањето на Буџетот на општина Конче за 2022 година (Службен гласник на општина Конче бр. 19/21) членот 13 став 2 се менува и гласи:

„ Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 9000,00 денари нето, под услов вработениот да работел најмалку (6) месеци во календарската годинакај работодавачот.

Во членот 15 ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:

„Во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош, во висина од 30.000 денари".

„На вработениот во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца и деца земени на издржување), му се исплаќа парична помош во висина од 15.000 денари".

Во членот 15 се додава нов став 4 кој гласи:
„Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Правилникот за доделување на јубилејни награди".
Ставовите „ 4, 5 и 6" стануваат „ 5, 6 и 7 ".

Во ставот 5 броевите „ 1,2 и 3" се заменуваат со 1,2,3 и 4".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Конче.

Број 08- 202/9
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова, с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002)а во согласност со Програмата за активностите на општина Конче во областа на Социјалната заштита и заштитата на децата во 2022 година бр.08-1720/17 од 29.12.2022 година и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 17.02.2022 г. донесе:

О Д Л У К А

за определување на критериуми за остварување на еднократна помош за прво, второ и трето новородено дете и еднократна помош за склучување на бракови на лица со наполнети 35 или повеќе години возраст на лица жители на општина Конче

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат критериуми за остварување на еднократна помош за прво, второ и трето новородено дете и еднократна помош за склучување на бракови на лица со наполнети 35 или повеќе години возраст на лица жители на општина Конче

Член 2

Право на користење на еднократна помош за прво, второ и трето новородено дете од општина Конче, имаат лицата кои ги исполнуваат следните критериуми:

- родителите жители на општина Конче правото на еднократна парична помош за новороденче ја остваруваат со поднесување на барање со потребната документација до наполнети три месеци живот на детето, а за посвоено дете барањето се поднесува најдоцна до три месеци од заведувањето на посвоеното дете во книгата на родените.

Член 3

Поднесувачот на барањето за еднократна парична помош за новороденче со барањето за остварување на право на еднократна парична помош за новороденче приложува:

1. Фотокопија од Извод од матичната книга на родените (за новороденчето)со оригинал на увид;
2. Фотокопија од Извод од матичната книга на венчаните (за родителите на новороденчето) со оригинал на увид;
3. Фотокопија од важечки лични карти или патни исправи од двајцата родители,со исклучок на новороденче на самохран родители, со кои се потврдува живеалиштето во Општина Конче со оригинал на увид;
4. Фотокопија од трансакциска сметка;
5. Доказ за платена административна такса

Поднесувачот на барањето за еднократна парична помош за новороденче со барањето за остварување на право на еднократна парична помош за посвоено дете приложува :

1. лична карта од мајката (фотокопија) со оригинал на увид;
2. извод од матичната книга на родени за детето;
3. доказ за државјанство на барателот; и
4. доказ од центарот за социјална работа за ред на посвојување на детето.

Дополнителни документи за самохран родител:
(Во зависност од основот за стекнување на статус-самохран родител, потребно е еден од доле наведените документи):

1. Фотокопија од матична книга на умрени со оригинал на увид;
2. Фотокопија од Правосилна судска пресуда за разведен брак со оригинал на увид;

3. Доказ дека родителот не е во брачна заедница со фотокопија од Извод од матична книга на родени не постар од шест месеци со оригинал на увид;и
4. Изјава дека не е во брачна заедница заверена на Нотар.

Член 4

Право на користење на еднократна помош за склучување на бракови на лица со наполнети 35 или повеќе години возраст од општина Конче, имаат лицата кои ги исполнуваат следните критериуми:

- момче/девеојка со наполнети 35 години или повеќе години возраст со место на живеење во општина Конче;
- да немаат родено деца во вонбрачна заедница со лицето со кое што стапува во брак.

Поднесувачот на барањето за еднократна парична помош за склучување на бракови на лица со наполнети 35 или повеќе години возраст приложува:

- Фотокопија од лична карта од брачните другари;
- Извод на матична книга на венчаните;
- Фотокопија од трансакциска сметка;
- доказ дека немаат родено деца во вонбрачна заедница со лицето со кое што стапува во брак.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-202/10 Совет на општина Конче
Дата 17.02.2022 Претседател,
Конче Александра Ристова,

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање (вСл.Весник на Р.С.М.в бр.32/20) ,член 22,став 1,точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 5/02) и член 11 од Статутот на општина Конче,
Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 17.02.2022 год. донесе:

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
За финансирање на изработка на урбанистички планови на општина Конче
за 2022 година

1. Во Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на општина Конче за 2022 година (Сл.гласник на општина Конче бр. 18/21), Точката 1 се менува и гласи:

„Урбанистисчки проект вон опфат на Урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр. 937 КО Ракитец-општина Конче со опфат 9.01ха“.

2. Оваа Програма влегува во сила од денот на објавување во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08- 202/11 Совет на општина Конче
Дата 17.02.2022 Претседател,
Конче Александра Ристова,с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 17.02.2022 г. донесе:

О Д Л У К А

За одбивање на барање од ЗГ СКАЈ ПЛУС- Струмица

1. Со оваа одлука се одбива барањето од ЗГ СКАЈ ПЛУС- Струмица за донација за Центар за жртви на семејно насилство број 03-85/21 од 15.12.2021 година поради непредвидени средства за таа намена во Буџетот на општина Конче.

2. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на општина Конче.

Број 08- 202/12
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова, с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на оштина Конче на седницата одржана на ден 17.02.2022 г. донесе

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средства на Здружение на
СЛЕПИ ЛИЦА-Струмица

Член 1

По барање бр. 08-4/05/21 од 17.12.2021 година од Здружение на СЛЕПИ ЛИЦА-Струмица се одобруваат парични средства во висина од 5.000 денари нето како помош за основно функционирање на Здружението.

Средствата да се исплатат на име Здружение на СЛЕПИ ЛИЦА-Струмица, на сметка 200002070690517 Стопанска Банка.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-202/13
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова,с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на оштина Конче на седницата одржана на ден 17.02.2022 г. донесе

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средства на Делчо Трајков од с. Дедино, Конче

Член 1

По барање бр. 08-244/1 од 10.02.2022 година од Делчо Трајков од с. Дедино, Конче со ЕМБГ 1712969464008 поради операција на неговата сопруга Десанка Трајкова за која се потребни средства кои таа не може да ги обезбеди, се одобруваат парични средства во висина од 20.000 денари нето.

Средствата да се исплатат на име Делчо Трајков од с. Дедино, Конче на сметка 210501581213927 во НЛБ Банка.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-202/14
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова, с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на оштина Конче на седницата одржана на ден 17.02.2022 г. донесе

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средства на Македонка Василева од с. Лубница, Конче

Член 1

По барање бр. 08-261/1 од 14.02.2022 година од Македонка Василева од с. Лубница, Конче со ЕМБГ 0209973469009 поради операција и постоперативен третман за која се потребни средства кои таа не може да ги обезбеди, се одобруваат парични средства во висина од 20.000 денари нето.

Средствата да се исплатат на име Македонка Василева од с. Лубница, Конче на сметка 210501578112255 во НЛБ Банка.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-202/15
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова,с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на оштина Конче на седницата одржана на ден 17.02.2022 г. донесе

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средства на Мирчо Коцев од с. Долни Липовиќ, Конче

Член 1

По барање бр. 08-257/1 од 11.02.2022 година од Мирчо Коцев од с. Долни Липовиќ, Конче со ЕМБГ 2403972464001 поради неговата лоша материјална и здравствена состојба, му се одобруваат парични средства во висина од 15.000 денари нето за набавка на лекови и за основни пореби за живот.

Средствата да се исплатат на име Мирчо Коцев од с. Долни Липовиќ, Конче, на сметка 210501619551916 во НЛБ Банка.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-202/16
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова, с.р

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на оштина Конче на седницата одржана на ден 17.02.2022 г. Донесе

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средства на Марјанчо Мицев од с. Долни Липовиќ, Конче

Член 1

По барање бр. 08-256/1 од 11.02.2022 година од Марјанчо Мицев од с. Долни Липовиќ, Конче со ЕМБГ 2212974464009 поради лоша здравствена состојба на неговиот татко кој се наоѓа во неподвижна состојаба и смрт на неговата мајка Милка Трајкова, му се одобруваат парични средства во висина од 10.000 денари нето за набавка на лекови и за покривање на дел од торшоците за погреб.

Средствата да се исплатат на име Марјанчо Мицев од с. Долни Липовиќ, Конче, на сметка 210501582208274 во НЛБ Банка.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-202/17
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова,с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на оштина Конче на седницата одржана на ден 17.02.2022 г. донесе

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средства на Мара Николова од с. Ракитец, Конче

Член 1

По барање бр. 08-258/1 од 11.02.2022 година од Мара Николова од с. Ракитец, Конче со ЕМБГ 2908967469008 поради тешката финансиска состојба на семејството се одобруваат парични средства во висина од 3.000 за покривање на дел од погребалните трошоци на нејзината мајка ЗлатаТомова.

Средствата да се исплатат на име Мара Николова од с. Ракитец, Конче на сметка 200003426281522 во Стопанска Банка Банка.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-202/18
Дата 28.01.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова, с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 17.02.2022 г. донесе:

О Д Л У К А

за одобрување на парични средства на
Дејан Најдоски од Прилеп

Член 1

По Барање бр. 08-285/1 од 17.02.2022 г. од Дејан Најдоски од Прилеп со ЕМБГ 2609012440008 која боледува од тежок облик на аутизам се одобруваат парични средства во висина од 5.000,00 денари нето, за покривање на дел од трошоците за операција во реномирана клиника во Истамбул, Р Турција .

Средства да се исплатат на сметка 240287109723364-УНИ Банка .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 08-202/19
Дата 17.02.2022
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Александра Ристова, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за издавање под закуп по пат на електронско јавно наддавање на дел од деловна зграда во сопственост на општина Конче, КП број 2572 КО Ракитец, (Имотен лист 87);
2. Одлука за одобрување финансиски средства за традиционално обележување на Стара нова година (Василичарски огнови) во сите населени места во општина Конче;
3. Одлука за набавка на два телефони како награда за лицата кои го фатиле крстот на ден Богојавление-Водици во с. Конче и с.Д.Липовиќ;
4. Одлука за основањето на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Конче;
5. Залучок за усвојување Извештај за извршен попис на основни средства и ситен инвентар и нивните извори во органите на општина Конче со состојба 31.12.2021 година број 01-223/3 од 08.02.2022 г.;
6. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Конче за 2022 година.
7. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршувањето на Буџетот на општина Конче за 2022 година;
8. Одлука определување критериуми за доделување на еднократна помош за родители при раѓање на новороденче/прво второ, трето дете и еднократна помош за склучување на бракови на лица момче/девојка постари од 35 години од општина Конче;
9. Програма за изменување на Програмата финансирање на изработка на урбанистички планови на општина Конче за 2022 година;
10. Одлука за одбивање на барање од ЗГ СКАЈ ПЛУС- Струмица;
11. Одлука за одобрување на финансиски средства на Здружение на СЛЕПИ ЛИЦА-Струмица;
12. Одлука за одобрување на финансиски средства на Делчо Трајков од с. Дедино, Конче;
13. Одлука за одобрување на финансиски средства на Македонка Василева од с. Лубница, Конче;
14. Одлука за одобрување на финансиски средства на Мирчо Коцев од с. Долни Липовиќ, Конче;
15. Одлука за одобрување на финансиски средства на Марјанчо Мицев од с. Долни Липовиќ, Конче;
16. Одлука за одобрување на финансиски средства на Мара Николова од с. Ракитец, Конче;
17. Одлука за одобрување на финансиски средства на Дејан Најдоски од Прилеп.

„ Службен гласник на Општина Конче“